АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

# О Д Л У К А
## за измена на Одлуката за изменување на Одлуката за ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Скопје, март 2007 година

Врз основа на член 106 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 85/03, 40/04, 113/05) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување, на седница одржана на 23.03.2007г., донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за измена на Одлуката за ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување**

Член 1

Во член 1 од Одлуката за ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување бр. 02-1594/5 од 21.12.2007 година во алинејата зборовите: „од три месеци" се заменува со зборовите: „до 31.12.2007 година".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување и ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр._02-522/4_________
23 март 2007 год.____
С к о п ј е

Претседавач на Управниот одбор,
Димитар Трпеноски, с.р.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со членот 107 се пропишани ограничувањата на вложувањата на средствата на пензиските фондови во различните видови на инструменти и групи на инструменти пропишани во член 105 став (1) од истиот Закон. Понатаму во член 106 став (5) од Законот е дадена можност Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување, која освен супервизорска има и регулаторна функција, да пропише различни ограничувања на вложувањата од наведените во Законот, за период не подолг од пет години сметано од датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Во декември 2006 година Управниот одбор на Агенцијата донесе Одлука за измена на Одлуката за ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со која максималниот процент од вредноста на средствата на пензискиот фонд кои можат да се вложат во инструментите од членот 105 став (1) точка д) од Законот за период од три месеци сметано од 21.12.2006 година изнесува 100%.

Врз основа на информаците и проценките, Агенцијата утврди дека во тековниот период, државните обврзници обезбедуваат највисок принос а имаат минимален ризик. Имено, во тековниот период, како резултат на зголемениот интерес на инвеститорите за купување на акции, се намали интересот за купување на обврзници што воедно ја намали и нивната цена, со што се овозможи преку нивно купување да се оствари поголем принос. Имајќи ја во предвид основната цел на инвестирањето на средствата на пензиските фондови - остварување на највисок принос единствено во полза на членовите на пензискиот фонд, Агенцијата ја одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Со оваа одлука се предлага 100% од вредноста на средствата на пензискиот фонд да можат да се вложат во државните хартии од вредност за период до 31.12.2007 сметано од денот на донесување на оваа Одлука.